Образованието во Општина Карпош

На територија на општина Карпош постојат 10 основни училишта чиј основач е општината и тоа: ООУ „Братство“, ООУ „Јан Амос Коменски“, ООУ „Владо Тасевски“, ООУ „Димо Хаџи Димов“, ООУ „Аврам Писевски“, ООУ „Петар Поп Арсов“, ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“, ООУ „Лазо Трповски“ и ООУ „Вера Циривири – Трена“.
Во овие основни училишта во изминатите 3-4 години се случи вистинска инфраструктурна револуција.
Имено, сите училишта во овој период се или темелно реконструирани или добиле нови училишни згради. Во оваа огромна градежна офанзива се искористени над 7 милиони евра од општински, државни и меѓународни извори. Ваквата интервенција во обезбедување на европски услови за одвивање на наставниот процес во голема мера го подигна нивото на образовните услуги кон учениците кои живеат на територија на општина Карпош.



Креативен Центар Карпош

Единици

- Еколошка станица со хемиска истражувачка лабораторија
- Дом за животни со биолошка истражувачка лабораторија
- Ботаничка градина со биолошка истражувачка лабораторија
- Пластеник
- Астрономска станица со лабораторија по физика
- Погон за рециклажа
- Метеоролошка станица
- Театарско-филмско и музичко студио
- Ученички центар за историја со археологија
- Центар за ракотворби со ликовно-вајарско студио

Цели

- Унапредување на практичната настава
- Создавање услови за воннаставните активности
- Откривање, следење и развој на надарени ученици
- Воспоставување на меѓуучилишна соработка
- Придонес во професионалната ориентација на учениците
- Обезбедување услови за ангажирање на мотивиран наставен кадар
- Развивање на меѓународна соработка со соодветни центри
- Влегување во соодветни мрежи и асоцијации за извонредност на млади

Креативен центар Карпош



Образованието не го чинат само новите или реновинарите училишни згради и уредените училишни дворови. Во овој момент како локална самоуправа сметаме дека е особено важно да го подигнеме и техничкото ниво на наставата со поголем акцент на праксата, а и да создадеме услови за ангажирање на заинтересираните и надарените ученици во воннаставните активности. Затоа го формираме **КРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР КАРПОШ**